**ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА**

***Број: 02 - 16143/2***
***18.08.2009 година***
***С к о п ј е***

***ЗАПИСНИК***
***од LVII -та седница на Управниот одбор на***
***Фондот за здравствено осигурување на Македонија,***

*одржана на 05.08.2009 во 12.00 часот*
*во просториите на*
*Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

***Присутни членови на Управниот одбор:***

- *Д-р Беким Сали, претставник од Министерството за здравство;*
- *Д-р Снежана Костадиноска Милошеска, претставник од Министерството за финансии - заменик на претседателот;*
- *Д-р Страшо Наумоски, претставник од Лекарската комора на Македонија и Стоматолошката комора на Македонија - член;*
- *М-р Борис Јосифовски, член на Извршниот одбор на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија - член;*
- *Д-р Љубиша Каранфиловски, вработен во ЈЗУ Здравствен дом Битола, претставник од Сојузот на синдикатите на Македонија - член.*

***Отсутни членови на Управниот одбор:***

- *Г. Трајче Леов, претставник на Стопанска комора на Македонија - член;*
- *Д-р Горан Коевски, претставник на Организацијата на потрошувачите на Македонија - член.*

***Присутни од ФЗОМ:***

- *Георги Тренкоски, директор на ФЗОМ;*
- *Јанез Јелникар, директор на ФЗОМ;*
- *Лазар Трајчев, директор на секторот за правни работи (делумно присутен);*
- *Кристина Христова, раководител на одделението за фармација;*
- *Ирина Луческа, стручен соработник;*
- *Христо Трповски, шеф на оддел за нормативно-правни работи, во својство на записничар.*

*Седницата ја отвори заменикот на претседателот на Управниот одбор Снежана Костадиноска Милошеска. Ги запозна членовите на Управниот одбор дека со решение на Владата на Република Македонија досегашниот претставник на Министерството за здравство во Управниот одбор Фисник Ибраими е разрешен од должноста. За нов член на Управниот одбор е именуван Беким Сали. По ова, утврди дека на денешната седница се присутни пет членови на Управниот одбор со што се исполнети условите за полноважно работење и одлучување па го предложи следниот*

## ***П Р Е Д Л О Г - Д Н Е В Е Н  Р Е Д***

- *Усвојување на записникот од LVI -та седница на Управниот одбор одржана на 07.07.2009 и 20.07.2009 година*

1. *Прогласување на претседател на Управниот одбор;*
2. *Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени на лекови кои се на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
3. *Разно.*

*Потоа праша дали има и други предлози за дневниот ред на седницата.*

*Љубиша Каранфиловски укажа дека согласно деловникот за работа на Управниот одбор, Управниот одбор го утврдува претседателот а не го прогласува. Поради тоа побара, првата точка на дневниот ред да биде насловена „Утврдување на претседател на Управниот одбор“. Присутните членови едногласно се согласија со предлогот.*

*Директорот Георги Тренкоски побара на оваа седница да се разгледа и предлогот за утврдување на референтни цени за превоз на дете во странство во болничката здравствена заштита.*

*Управниот одбор го прифати предлогот, по што едногласно го усвои следниот*

## ***Д Н Е В Е Н  Р Е Д***

- *Усвојување на записникот од LVI -та седница на Управниот одбор одржана на 07.07.2009 и 20.07.2009 година*

1. *Утврдување на претседател на Управниот одбор;*
2. *Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени на лекови кои се на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*

3. *Утврдување на референтни цени за превоз на дете во странство во болничката здравствена заштита;*
4. *Разно.*

*Потоа се пристапи кон разгледување на точките на дневниот ред.*

- *Усвојување на записникот од LVI -та седница на Управниот одбор одржана на 07.07.2009 и 20.07.2009 година*

*Управниот одбор едногласно и без забелешки го усвои записникот од LVI -та седница одржана на 07.07.2009 и 20.07.2009 година*

***ТОЧКА 1 -*** *Утврдување на претседател на Управниот одбор*

*Снежана Костадиноска Милошеска ги запозна членовите на Управниот одбор дека со решение на Владата на Република Македонија досегашниот претставник на Министерството за здравство во Управниот одбор Фисник Ибраими е разрешен од должноста. За нов член на Управниот одбор, претставник на Министерството за здравство е именуван Беким Сали. Согласно заклучокот на Управниот одбор од XLIX седница одржана во јануари оваа година, замената на претставниците на Министерството за финансии и Министерството за здравство на функцијата претседател на Управниот одбор треба да се врши на почетокот на секоја календарска година. Според истиот заклучок, во текот на календарската 2009 година претседател на Управниот одбор треба да биде претставникот на Министерството за здравство. Поради тоа, предложи согласно деловникот за работа на Управниот одбор, Управниот одбор да донесе одлука за утврдување на претседателот на Управниот одбор со која ќе се утврди дека претседател на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија е Беким Сали.*

*Членовите на Управниот одбор го поддржаа предлогот, по што Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за утврдување на претседател на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија***

*со која за претседател на Управниот одбор се утврдува Беким Сали, претставник на Министерството за здравство во Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија.*

*Потоа, Снежана Костадиноска Милошеска од името на сите членови на Управниот одбор на Беким Сали му посака успешно раководење со работата на Управниот одбор, а Беким Сали го превзема раководењето со седницата.*

***ТОЧКА 2 -*** *Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени на лекови кои се на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

*Во врска со оваа точка, Снежана Костадиноска Милошеска побара директорите на Фондот да ја елаборираат потребата од итно донесување на оваа одлука,*

*односно последиците што би можеле да настанат доколку одлуката не се донесе на денешната седница. Побара и објаснување, зошто беше предложена за донесување одлуката која сега се предлага да се поништи.*

*И Љубиша Каранфиловски побара објаснување во што се состои штетноста на одлуката која беше донесена на минатата седница.*

*Директорот Јелникар објасни дека донесувањето на одлуката на минатата седница е од две причини. Првата е обврската на Фондот еднаш годишно да ја ревидира Листата на лекови на товар на Фондот, а втората е предлогот на министерот за здравство, базиран на работата на комисијата за позитивната листа, кој содржи барање за вклучување на нови генерики на листата. Ние предлогот на министерот го анализиравме па врз основа на постоечкиот буџет и важечкиот правилник за утврдување на референтни цени, го изготвивме предлогот на референтни цени. Во правилникот се утврдени и референтните земји чии цени се земаат во вид при утврдувањето на референтните цени од страна на Фондот. Јас објаснив дека ако сакаме во рамките на истиот буџет да вклучиме нови генерики, ќе мора некои цени да се намалат. Намалени се цените на вкупно 82 лекови од кои 9 се производи на Алкалоид. Тоа покажува дека одлуката не е напад на домашната индустрија. Во услови кога Управниот одбор ја усвои одлуката за изменување на Листата на лекови со која е прифатен предлогот на Министерството намален за седумте лекови за кои е потребна дополнителна анализа, неопходно беше донесување и на измените на одлуката за утврдување на референтни цени. Без тоа, измените на Листата на лекови се неприменливи. Поради тоа и не гледам смисла во повлекувањето на одлуката.*

*Снежана Костадиноска Милошеска се согласи со објаснувањето но додаде дека требало да се анализираат последиците од донесувањето на одлуката. Тоа од аспект на зголемувањето на партиципацијата на осигурените лица за лековите како последица на намалувањето на референтните цени. Требало да се анализира и кои лекови се користат повеќе и дали користењето на одредени лекови е карактеристично за специфична социјална категорија на осигуреници. Исто така, требало да се води сметка и за соодносот на лековите од домашни и странски производители.*

*Директорот Тренкоски укажа дека клучниот проблем со цените не е кај Фондот. Во неколку наврати и на седница на Управниот одбор беше кажано дека проблем претставуваат единствените цени на лековите кои ги дефинира Бирото за лекови без постоење на утврдена методологија.*

*Директорот Јелникар додаде и дека проектот финансиран од Дач траст фондот во врска токму со единствените цени беше блокиран од Министерството за здравство. И покрај таквата состојба, Фондот има изготвено методологија и неа ја почитува. Потоа објасни дека намалувањето на референтните цени беше максимално 15% па затоа нема негативен ефект на осигурениците.*

*По ова, Снежана Костадиноска Милошеска побара директорот Тренкоски да објасни на Управниот одбор зошто е против донесените референтни цени.*

*Директорот Тренкоски одговори дека е против единствено од причина што Министерството за финансии не ги одобри дополнителните средства кои беа најавени. Без нив, му било јасно дека проширувањето на Листата на лекови на товар на Фондот ќе повлече реперкусии. Значи, против е единствено од финансиски причини.*

*Потоа Беким Сали го извести Управниот одбор дека што се однесува на Министерството за здравство, референтните цени треба да се вратат на нивото пред донесувањето на одлуката за измени и дополнувања на минатата седница.*

*Директорот Тренкоски укажа дека во наредниот период е најважно да се извршат законски измени заради уредување на начинот на утврдување на референтните и единствените цени што е веќе договорено со Министерство за здравство. Потоа и правилникот за утврдување на референтни цени на Фондот ќе се усогласи со новата методологија.*

*Директорот Јелникар додаде дека големи проблеми на Фондот му причинуваше и фактот што единствените цени на лековите не се објавени во некој официјален акт. Тие се објавени само на интернет страницата на Бирото за лекови кадешто повремено се вршат измени. Ние предлагаме референтните цени да бидат тоа што сега се единствените цени.*

*На прашање на Борис Јосифовски што претставува единствената цена, директорот Тренкоски одговори дека тоа е цена што ја предлага производителот а ја одобрува Бирото за лекови.*

*Љубиша Каранфиловски праша како ќе се утврдуваат цените на новите генерики вклучени во Листата на лекови на минатата седница ако се поништи на истата седница донесената одлука за референтните цени.*

*Директорот Јелникар одговори дека во таков случај, тие лекови ќе останат со рефундација.*

*Борис Јосифовски истакна дека останувањето на новите генерики на Листата на лекови значи дека Фондот за нив ќе треба да обезбеди средства. Тоа налага потреба или да се бараат дополнителни средства од Министерството за финансии, или да се плаќа поголема партиципација, или Фондот да оди во загуба. За овој проблем мора да се бара решение.*

*Директорот Тренкоски побара време од 2-3 седмици за Фондот да побара решение за ова прашање.*

*Љубиша Каранфиловски пак праша, дали ако пред крајот на месецот немаме решение за проблемот ќе треба да ја поништиме и измената на Листата на лекови со која беа вклучени новите генерики.*

*Директорот Јелникар одговори дека проблемот се сведува на тоа дали ќе добиеме дополлнителни средства, а ако не добиеме од каде да кратиме заради финансирање на новите лекови.*

*По ова, Управниот одбор едногласно донесе*

**_Одлука_**
**_за поништување на Одлуката за изменување и дополнување на одлуката за утврдување на референтни цени на лекови кои се на листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија_**

*со која се поништува Одлуката за изменување и дополнување на одлуката за утврдување на референтни цени на лекови кои се на листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија број 02-13446/4 од 20.07.2009 година.*

*Потоа донесе и*

***Заклучок:** Претседаталот на Управниот одбор да се заложи Министерството за здравство да ја дефинира политиката на цените на лекови па на наредната седница да го извести Упавниот одбор за тоа.*

***ТОЧКА 3 -** Утврдување на референтни цени за превоз на дете во странство во болничката здравствена заштита*

*Лазар Трајчев објасни дека се работи за услуга која во главно ја дава Клиниката за детски болести во случаите кога има потреба лекувањето да се врши и во странство, и дека е потребно да се утврди цена по која таа услуга ќе се фактурира на Фондот*

*Директорот Тренкоски дополни дека и со утврдената референтна цена, фактурирањето ќе се врши во рамките буџетскиот плафон утврден за клиниката.*

*По ова следеше расправа во која членовите на Управниот одбор расправаа за составните делови на предложената цена и предлагаа начини за пресметување на нивната висина. На крајот Борис Јосифовски предложи, стручната служба на Фондот да направи дополнителна анализа на предложените цени па за истите да се одлучува на наредната седница. Предлогот беше едногласно прифатен од членовите на Управниот одбор.*

***ТОЧКА 4 -** Разно*

*Под точката разно немаше предлози за разгледување па дневниот ред на седницата беше исрпен со разгледувањето на точката 3. Управниот одбор во 14.15 часот заврши со работата на LVII -та седница.*

| | |
|---|---|
| **_Записничар,_** | **_Управен одбор_** |
| **_Христо Трповски_** | **_Претседател,_** |
| | **_Беким Сали_** |